ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 21-150/9**

**Дата: 04.08.2011**

**ДО**

**НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА „ОХРИДСКО ЛЕТО“ – ОХРИД**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Националната установа „Охридско лето“, Охрид (во натамошниот текст НУ „Охридско лето“) на сметката на основен буџет, за 2010 година .

За годините кои и претходат на годината што е предмет на оваа ревизија, не е вршена ревизија.

Ревизијата изрази позитивно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за годината што е предмет на ревизија, а за прашањата во врска со усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива ревизија изрази негативно мислење.

Со ревизијата е констатирано дека кај НУ „Охридско лето“ не се воспоставени интерни контроли и не се донесени пишани процедури за движење на документацијата, не се усогласени интерните акти кои го уредуваат начинот на организација и систематизација на работните места како и пресметувањето и исплатата на надоместоците со важечките законски и подзаконски прописи, незаконски се исплатени повисоки додатоци на основната плата, исплатени се авторски надоместоци на лица за услуги кои не се авторски дела и на лица кои вршат континуирани работи, а не се редовно вработени во Установата. Утврдени се слабости и во постапките за јавни набавки на материјали и услуги.

Со цел подобрување на состојбата ревизијата препорачува да се донесат пишани процедури за движење на документацијата со разграничени надлежности и одговорности на вработените, да се направат измени и дополнувања на интерните акти кои го уредуваат начинот на организација и систематизација на работните места согласно важечките прописи, пресметките и исплатите на додатоците на основна плата на вработените и ангажирањето на лица за повремени работи да се вршат согласно позитивната законска регулатива и набавките на материјали и услуги да се вршат согласно утврдените постапки со Законот за јавни набавки.

Ревизорски тим: Овластен државен ревизор

1.________________

2.________________ ______________________

## 1. Вовед

1.1 Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 10 до 12 заедно со ревизија на усогласеност на НУ „Охридско лето", Охрид на сметката на основен буџет за 2010 година, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на извори на капиталните средства за 2010 година, и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2 Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3 Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на НУ „Охридско лето", Охрид за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4 Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- М-р Тони Симоновски, директор до 14.06.2010 година, и
- Васил Зороски, вд директор од 14.06.2010 година

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на НУ „Охридско лето", Охрид се

користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

2. **Цели и делокруг на ревизијата**

2.1. Цел на ревизија на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизија на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени пограшни прикажувања.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 26.04.2011 до 13.05.2011 година кај НУ „Охридско лето“, Охрид од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 27.05.2011 година.

На ден 11.07.2011 година примени се забешки од министерот за култура под бр. 51-8901/2 од 05.07.2011 година на точката 3.2.2. од Нацрт извештајот, а кои се однесуваат на именувањето вд директор на НУ “Охридско лето“, Охрид. Истите се разгледани и се одбиени како неосновани, поради непостоење законски основ за продолжување на периодот на вршител на должност директор повеќе од шест месеци, согласно член 33 од Законот за културата. Текстот на забелешките и одговорот на забелешките по Нацрт извештајот се дадени како Прилог кон Конечниот извештај.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2010 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

### 3.1. Интерни контроли

3.1.1. При оценка на системот на интерните контроли кај процесот на безготовинско и готовинско плаќање, ревизијата констатира дека не се воспоставени интерни контроли и не се донесени пишани процедури за движење на документацијата во кои ќе бидат дефинирани и разграничени надлежностите и одговорностите во однос на потврдување на комплетноста и веродостојноста на трансакциите, кои ќе обезбедат доволно ниво на сигурност и ќе спречат ризик од плаќања на некомплетна и непотврдена документација од овластени лица и почитување на договорените услови за плаќање, што не е во согласност со член 5 и 10 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и членот 17 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.
Ваквата состојба создава ризик од неосновани плаќања кои се рефлектираат на висината на расходите и ризик од ненаменско и незаконско користење на средствата, што не овозможува извршување на активностите на транспарентен, регуларен, економичен, ефикасен и ефективен начин.

**Препорака**
Директорот на установата да донесе пишани процедури за движење на документацијата со разграничени надлежности и одговорности на вработените, а одговорниот сметководител да врши проверка и одобрување на документацијата како основа за плаќање и евидентирање во деловните книги.

### 3.2. Усогласеност со закони и прописи

3.2.1. Со ревизијата на интерните акти кои го уредуваат начинот на организација и систематизација на работните места, пресметувањето и исплатата на платите и надоместоците, ревизијата констатира дека Колективниот договор на Установата не е усогласен со законските и подзаконските акти, и тоа:

- утврдените коефициенти на сложеност со член 1 од Анекс договорот на Колективниот договор на Установата се движат од 1 до 3 и не се усогласени со член 34 од Колективниот договор на културата со кој се предвидени коефициенти од 1 до 5;
- утврдени се повисоки додатоци на основната плата на вработените за: прекувремена работа, работа ноќе, работа во три смени, работа во ден на неделен одмор и за работа во денови на празници и неработни денови, кои не се усогласени со членот 17 од Општиот колективен договор за јавниот сектор на РМ и член 46 од Колективниот договор на културата;
- не е извршено усогласување на висината на надоместокот на трошоците за користење на сопствен автомобил за потребите на Установата и надоместокот за отпремнина при заминување во пензија, со одредбите од член 113 од Законот за работни односи, член 9 од Законот за исплата на платите во РМ и член 46 од Колективниот договор за културата;
- предвидени се надоместоци на трошоци за исхрана и превоз до и од работа кои согласно член 113 од Законот за работни односи треба да бидат вкалкулирани во бруто плата.

Непреземените активности за изменување и дополнување на интерните акти и нивно усогласување со важечките законски прописи не овозможува целосно уредување на меѓусебните права и обврски помеѓу работодавачот и вработениот, што може да има за ефект неосновани исплати на надоместоци на вработените по разни основи и признавање на повисоки трошоци од законски утврдените.

**Препорака**

Надлежните органи за управување и раководење во соработка со претставници на Синдикалната организација на НУ „Охридско лето“, Охрид да преземат мерки и активности за изменување и дополнување на Колективниот договор на Установата.

3.2.2. На ден 14.06.2010 година, со решение од Министерот за култура именуван е работоводен орган, вршител на должноста директор на НУ “Охридско лето“, Охрид, од редот на вработените (до завршување на постапката по распишан конкурс, но не подолго од шест месеци). По истекот на шест месеци со решение од 06.12.2010 година извршено е повторно именување на вршител на должноста директор на истото лице. Министерот за култура преземал активности кои не се во согласност со одредбите од член 33 од Законот за култура, член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа и Статутот на Установата бидејќи наведените законски акти не предвидуваат можност за повторно именување вршител на должност директор на Установата. Со ваквото постапување раководењето на Установата е доверено на лице кое нема статус на директор.

**Препорака**

Министерот за култура да превземе активности во согласност со Законот за култура и Законот за организација и работа на органите на државната управа и да изврши избор на директор на НУ "Охридско лето" – Охрид.

**3.3. Финансиски извештаи**

**Биланс на приходи и расходи**

3.3.1. Извршена е исплата на парични средства во поголем износ за 112 илјади денари на име одработени часови за прекувремена работа и дежурства, односно 50% од основната плата на работникот, што не е во согласност со член 46 од Колективниот договор за култура и член 17 од Општиот колективен договор за јавениот сектор на РМ кој предвидува 29% од наведената основица. Ваквата состојба е резултат на неусогласеност на Колективниот договор на Установата што доведува до незаконско користење на средства.

**Препорака**
Одговорните лица да преземат мерки и активности исплатите на додатоците на основна плата да се пресметуваат и исплатуваат согласно позитивната законска регулатива.

**3.4. Користење на средствата согласно законските прописи**

**Јавни набавки**
Со цел стекнување уверување за усогласеноста на користењето на средствата на НУ "Охридско лето"- Охрид за 2010 година согласно Законот за јавни набавки, извршивме ревизија на начинот и постапките за доделување на договори за јавни набавки од аспект на законските барања: обезбедување на конкуренција меѓу економските оператори, еднаков третман, транспарентност и рационално и ефикасно искористување на средствата, како и на реализацијата на доделените договори за јавни набавки.

3.4.1. Со извршениот увид во документите и евиденциите за спроведените постапки за јавни набавки со барање за прибирање на понуди и отворена постапка кај дел од избраниот примерок, утврдени се следните неправилности:

- Планот за ЈН не е донесен во законски предвидениот рок, односно со задоцнување од 15 дена и истиот не е усвоен и потпишан од страна на Управниот одбор, што не е во согласност со член 26 став 2 од Законот за јавни набавки;
- директорот на Установата не определил лице за следење на реализацијата на договорите односно проверка на фактурите во однос на договорите – тендерите по вид, количина и цена на производите и услугите, што не е во согласност со член 29 од Законот за јавни набавки;
- договорниот орган за спроведените отворени постапки не доставил известување за склучени договори до Бирото за јавни набавки заради објавување на веб страницата на Бирото во рок од 30 дена, што не е во согласност со член 55 од Законот за јавни набавки;

- комисијата за јавни набавки нема воспоставена пракса да потпишува изјава за судир на интереси, што не е во согласност со член 173 од Законот за јавни набавки;
- Установата не води евиденција на спроведените постапки за јавни набавки со прибирање на понуди, која задолжително треба да се доставува до Бирото за јавни набавки на полугодишна основа во согласност со член 103 од Законот за јавни набавки;
- за поништување на постапка Установата не доставува известување во рок од 30 дена од денот на поништувањето на постапката, заради објавување на веб страницата на Бирото за јавни набавки, што не е во согласност со член 170 став 2 од Законот за јавни набавки.

3.4.2. Во 2010 година извршени се набавки на стоки и услуги во вкупен износ од 555 илјади денари, врз основа на четири спроведени постапки со барање за прибирање на понуди, при што е утврдено следното:

- доставени се докази за потврдување на способноста за вршење на дејноста од страна на економските оператори постари од шест месеци, што не е во согласност со член 102 од Законот за јавни набавки;
- известувањата упатени до понудувачите за извршениот избор на најповолна понуда не ги содржат сите потребни елементи (детални образложенија за причините за прифаќање или отфрлање на понудата), што не е во согласност со член 168 од Законот за јавни набавки;
- не се почитувани законските рокови на испраќање на известување за извршен избор на најпоповолен понудувач и склучување на договори, што не е во согласност со член 167 и член 208 став 2 од Законот за јавни набавки .

3.4.3. Во 2010 година спроведена е отворена постапка за хотелски и угостителски услуги во вкупен износ од 1.974 илјади денари, при што не е почитуван крајниот рок за поднесување на понудите, договорот за набавката е склучен во рок пократок од 12 дена и известувањата упатени до понудувачите за извршениот избор на најповолна понуда не ги содржат сите потребни елементи, односно причините за прифаќање или отфрлање на понудата. Ваквото работење не е во согласност со член 65, член 168 и член 208 став 1 од Законот за јавни набавки.

3.4.4. Со извршениот увид во документите за спроведените постапки со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас и досиејата од спроведени постапки за јавни набавки ревизијата утврди проширување на асортиманот на производите за набавка на карти за свеченото отварање на Фестивалот „Охридско лето“, пликоа, покани, футроли со врвци, сечење на фолија, флаери и слично во износ од 173 илјади денари, за кои не е спроведена дополнителна постапка со преговарање без претходно објавување на оглас, што не е во согласност со член 99 став 4 од Законот за јавни набавки.

3.4.5. Во 2010 година извршени се плаќања по фактури од 2009 година за хотелски сместувања на гости/учесници за времетраење на Фестивалот “Охридско лето“ 2009 година во износ од 1.074 илјади денари. За оваа набавка во 2009 година не е спроведена постапка за доделување на договор за јавна набавка, што не е во согласност со Законот за јавни набавки.

3.4.6. Во 2010 година извршени се плаќања по фактури од 2009 година во износ од 283 илјади денари за печатење на пропагандни публикации (каталог, дневни програми, дневни плакати, покани) и изведување на огномет за свеченото отворање и свеченото затворање на Фестивалот "Охридско лето". Во 2009 година спроведена е постапка со барање за прибирање на понуди без објавување на оглас при што констатирани се следните неправилности: одлуката за јавна набавка не содржи вредност на набавката, не е изработена поедноставена тендерска документација која треба да содржи технички спецификации на предметот на договорот за јавна набавка и информации за начинот на подготовка и рокот за поднесување на понудите, економскиот оператор чија што понуда е избрана за најповолна не доставил документи за потврдување на способноста за вршење на дејноста од таа област, не се почитувани законските рокови на испраќање на известување за извршен избор и склучување на договори (во ист ден се потпишува записникот, се носи одлука за избор на најповолен понудувач, се испраќа известување за извршен избор и се склучува договор). Ваквото постапување не е во согласност со член 32, член 101 став 1, член 102 став 5, член 167 став 1 и член 208 став 2 од Законот за јавни набавки .

Слабостите кои ги констатиравме при спроведувањето на постапките за јавни набавки имаат за ефект намалена транспарентност, фер конкуренција, објективност при изборот на понудувачите и економично трошење на средствата.

**Препорака**
Установата да обезбеди целосно почитување на одредбите од Законот за јавни набавки со кои ќе овозможи фер конкуранција, еднаква положба на понудувачите и економичност на набавките.

## 4. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиските извештаи

Според наше мислење, финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на НУ „Охридско лето", Охрид - сметка на основен буџет на ден 31 декември 2010 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со законите и прописите

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.2; 3.3. и 3.4. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на НУ „Охридско лето“, Охрид - сметка на основен буџет, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени практики.

**5.1. Прифатени и спроведени корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања**

Во текот на ревизијата е спроведена корекција во Билансот на состојба со која материјалните средства и државниот капитал се зголемени за износ од 5.962 илјади денари.  Корекцијата е спроведена во налог за книжење бр. 34 од 18.05.2011 година.

Скопје, 26.07.2011 година

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2010 година**

| | | |
|---|---|---|
| | | **во 000 денари** |
| **Опис на позицијата** | **2010** | **2009** |
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 32.316 | 27.514 |
| **Вкупно приходи** | **32.316** | **27.514** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 2.595 | 2.452 |
| Стоки и услуги | 29.683 | 25.035 |
| Каматни плаќања | 0 | 27 |
| **Вкупно тековни расходи** | **32.278** | **27.514** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 38 | 0 |
| **Вкупно капитални расходи** | **38** | **0** |
| **Вкупно расходи** | **32.316** | **27.514** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

| | | |
|---|---|---|
| | | во 000 денари |
| **Опис на позицијата** | **2010** | **2009** |
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Активни временски разграничувања | 14.300 | 16.174 |
| **Вкупно тековни средства** | **14.300** | **16.174** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 9.185 | 3.148 |
| **Вкупно постојани средства** | **9.185** | **3.148** |
| **Вкупна актива** | **23.485** | **19.322** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 9.519 | 12.545 |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.533 | 3.424 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 248 | 205 |
| **Вкупно тековни обврски** | **14.300** | **16.174** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 9.185 | 3.148 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **9.185** | **3.148** |
| **Вкупна пасива** | **23.485** | **19.322** |

ж

ПРЕГЛЕД

НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2010 ГОДИНА

| | | |
|---|---|---|
| | | во 000 денари |
| **О П И С** | **Државен јавен капитал** | **Вкупно** |
| **Состојба 01.01.2010 година** | **3.148** | **3.148** |
| **Зголемување по основ на:** | **7.063** | **7.063** |
| Набавки | 331 | **331** |
| Докнижување на вредност на деловен објект ( по извршена проценка ) | 5.962 | **5.962** |
| Ревалоризација на капитални средства | 770 | **770** |
| **Намалување по основ на:** | **1.026** | **1.026** |
| Амортизација | 530 | **530** |
| Останати намалувања-расход по отпис | 164 | **164** |
| Ревалоризација на амортизација | 332 | **332** |
| **Состојба 31.12.2010 година** | **9.185** | **9.185** |

Република Македонија
**Влада на Република Македонија**
**Министерство за култура**

Министерство за култура
на Република Македонија

Сектор за нормативни,
управни и имотно-правни
работи

ул.„Ѓуро Ѓаковиќ“ бр.61,
1000 Скопје,
Република Македонија,

тел.: +389 (0)23240
факс: +389(0)23240

f.gorsovska@kultura.gov.mk

Бр. 51 – 8901/2
Датум: 5.7.2011
**До: Државниот завод за ревизија на Република Македонија**
**Ул. Македонија бр.12/3**

**С к о п ј е**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ
Примено: 11.07.2011
Орг. единица | Број | Прилог | Вредност
21- 150/8

**Предмет:** Доставување на Забелешки на Нацрт – извештај на Националната установа Фестивал - "Охридско лето" – Охрид за 2010 год;
**Врска:** Нацрт-извештај бр.21-150/5 од 22.06.2011 год;

Почитувани,

Во врска со доставениот Нацрт - извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи за Националната установа – Фестивал "Охридско лето" - Охрид, и забелешката нотирана во точка 3.2.2. од истиот која се однесува на постапката на избор и разрешување на вршител на должноста в.д. директор на национална установа, Министерството за култура на Република Македонија, од аспект на својата законска надлежност пропишана согласно Законот за култура (Сл. весник на РМ бр.31/98; 49/03; 82/05; 24/07; 116/2010; 47/2011 и 51/2011) ја доставува следната забелешка по однос на точката 3.2.2 од нацрт-извештајот.

Согласно член 34 од Законот за културата, е пропишано дека во случај кога не е избран директор на национална установа или предвреме му престанал мандатот, министерот за култура веднаш именува вршител на должноста директор без конкурс од редот на вработените.

Вршителот на должноста директор ги има сите права и обврски на директор на национална установа.

Вршителот на должноста директор се именува за време до изборот на директор на националната установа а најдолго за шест месеци. Министерството за култура веднаш по именувањето вршител на должноста директор, распишува конкурс за директор.

Во делот на постапката околу именувањето на должноста вршител на должноста в.д. директор на националната установа Фестивал "Охридско лето" – Охрид, ве изветуваме дека Министерството за култура во целост ги

има испочитувано и применето одребите од членот 34 на Законот за културата.

Имено, по разрешувањето од должноста директор на националната установа со решение на министер за култура бр.49-8560/1 од 14.06.2010 год, поради работа во спротивност со законот и статутот на установата во конкретниот случај е исполнета одредбата од ставот 1 на членот 34 односно на претходното избрано раководно лице предвреме му престанал мандатот и министерот за култура со решение бр. 49-8560/2 од 14.06.2010 год, веднаш именувал вршител на должноста в.д. директор без конкурс од редот на вработените.

Министерството за култура по именувањето на вршител на должноста в.д. директор на установата, на ден 06.10.2010 год, во дневните весници "Утрински весник" и "Коха" распиша Јавен конкурс за избор на директор на националната установа, по кој конкурс министерот за култура со решение бр.51-1383/1 од 28.01.2011 год, одлучи да не изврши избор на директор на установата од пријавените кандидати учесници на јавниот конкурс од причини што од нивните предложени предлог-програми не произлегува успешно остварување на функцијата и работа на самата установа.

Со цел да не дојде до прекин во работата и континуирано и непречено извршување на секојдневните активности на установата, министерот за култура согласно законот повторно именуваше вршител на должноста в.д. директор на установата од редот на вработените на установата со мандат до избор на директор на установата, а најдолго за шест месеци.

Цениме дека во Законот за културата никаде не е пропишано дека министерот за култура нема право на повторно именување на вршител на должноста в.д. директор, односно во конкретниот случај министерот за култура со цел да не дојде до прекин во работата на установата презел активности на повторно именување на вршител на должноста в.д. директор и тоа од редот на вработените со мандат до избор на нов директор на установата односно најдолго за шест месеци, поради што и нема никаква повреда на одредбите од законот, а најмалку во оценката за прашањето кое се однесува на легитимитетот на вршење на функцијата.

Имајќи го во предвид ова, Министерството за култура правилно ја применило одредбата од член 34 на Законот за културата и доследно и целосно ја има испочитувано процедурата на именување на вршител на должноста в.д. директор на национална установа, почитувајќи го делот на именување на в.д. директор од редот на вработените во установата, во делот на должината на мандатот на извршување на функцијата и во делот на постапка на распишување на јавен конкурс за избор на директор на

установа во случаи на предвреме истек на мандат, со што бараме забелешката од точка 3.2.2 од Нацрт-извештајот на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи за Националната установа – Фестивал "Охридско лето" - Охрид да се избрише како неоснована.

Со почит,

МИНИСТЕР,

М-р Елизабета Канческа Милевска

51/изготвил: Бранко Костовски
одобрил: Драгана Ќурчиоска
согласен: Весна Илиевска

01.07.2011 год;

**Одговор на Забелешки**
**по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор**

Министерот за култура на ден 11.07.2011 година достави Забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи на Националната установа „Охридско лето„- Охрид, кои се заведени под број 21-150/8.
Овластениот државен ревизор ги разгледа доставените забелешки на Нацрт извештајот и утврди дека забелешки од министерот за култура **на точката 3.2.2.** од Нацрт извештајот која се однесува на повторно именување вршител на должност директор на Установата не претставува забелешка, туку објаснување/образложение на причините кои довеле за таквата состојба и превземените мерки од страна на министерот за култура за надминување на утврдената состојба, како и свое толкување на Законот за култура.
Точна е констатација дека во Законот за култура никаде не е пропишано дека министерот за култура нема право на повторно именување на вршител на должноста директор, но децидно е утврдено дека вршителот на должноста се именува за време до изборот на директор, а најдолго за шест месеци, (член 33 од Законот за културата). Овластениот државен ревизор ги респектира, но **не ги прифаќа** објаснувањата за причините на не извршен избор на директор на Установата, поради тоа што Министерството за култура не распишало јавен конкурс веднаш по именувањето вршител на должноста (14.06.2010), како што е утврдено со Законот за култура, туку на 06.10.2010 година, Ненавремено преземените активности околу изборот на директор меѓу другото влијаеле и на продолжување на законски утврдениот рок за именување директор.

Скопје, 25.07.2011 година **Овластен државен ревизор**